ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-1000/6
**Дата:** 08.11.2023

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Република Македонија" бр. 27/14, 100/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со Записникот од административна селекција за интерен оглас број 04-1000/4 од 08.11.2023, Записникот од спроведено интервју за унапредување на административен службеник бр. 04-1000/5 од 08.11.2023 година за унапредување на административен службеник за работно место Раководител на сектор за финансиски прашања, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1000/4 од 01.11.2023 година, и согласно Правилникот за систематизација на работните места на Државниот завод за ревизија заверен под број 01-1667/1 од 27.12.2022 година, Генералниот секретар донесе

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат за унапредување на работно место Раководител на Сектор за финансиски прашања

1. По спроведената постапка за административна селекција и интервју за унапредување на еден кандидат на работно место **Раководител на Сектор за финансиски прашања**, со шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000, по Интерен оглас бр. 01/2023 од 2.10.2023 година, се избира кандидатот **Данче Ангеловска**.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2023 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 47-831/3 од 21.08.2023 година, на веб страната на Агенцијата за администрација и Државниот завод за ревизија, објавен е

Интерен оглас за унапредување бр. 01/2023 од 20.10.2023 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Раководител на сектор за финансиски прашања.
Согласно Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-1000/4 од 08.11.2023, Записник од спроведено интервју за унапредување а административен службеник бр. 04-1000/5 од 08.11.2023 година за спроведена административна селекција и интервју за унапредување на административен службеник за работно место Раководител на сектор за финансиски прашања, вработената Данче Ангеловска, која ги исполнува општите и посебните услови за работното место, и ги дала потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 08.11.2023 година, по што Комисијата поднесе предлог до Генералниот секретар за донесување Одлука за избор на вработената Данче Ангеловска за унапредување на наведеното работно место.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија.

Република Северна Македонија
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје
2
Republika e Maqedonisë së Veriut
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Shkup

**Генерален секретар**

**м-р Александар Поповски**

**Изработил:** м-р Весна Богдановиќ

**Одобрил:** м-р Билјана Блажевска Милевска